УКИМ го објави конкурсот за избор на најдобри научници и уметник на УКИМ за 2023 година. Целосните информации следат на линкот кој е во прилог: https://ukim.edu.mk/konkurs-za-izbor-na-najdobri-nauchnici-i-umetnik-na-ukim-za-2023/

## Конкурс за избор на најдобри научници и уметник на УКИМ за 2023




Во ноември секоја година, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ги објавува најистакнатите истражувачки достигнувања на Универзитетот, со цел да се истакне фокусот на Универзитетот кон научните истражување, како и вниманието кон истражувачите кои постигнале особено забележителни резултати.
Притоа, се избираат и промовираат најдобрите научници во сите научноистражувачки подрачја кои ги покрива УКИМ, како и најдобриот уметник од сите уметничките полиња. Дополнително, УКИМ ги промовира и поттикнува истражувачите кои со своите извонредни научноистражувачки резултати постигнале особен придонес кон афирмација на Универзитетот.
Со таа цел, Одборот за избор на најдобри научници и уметник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ објавува КОНКУРС за избор на најдобри научници на УКИМ во сите научноистражувачки подрачја, за постигнувањата во 2023 година и најдобар уметник на УКИМ за постигнувањата во 2023 година.
Во продолжение се приложени документите за Конкурсот.

**<u>И Н Т Е Р Е Н К О Н К У Р С за избор на најдобри научници и уметник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ за 2023 година</u>**

Повеќе за изборот на најдобрите научници и уметници на УКИМ на следната **<u>страна</u>**.

Со почит

Продекан за наука
Проф. Д-р Марија вавлукис